

Ко-финансирано од Европска Унија

# NEWSLETTER 1

December 2023

## ДОБРЕДОЈДОВТЕ ВО ГЕА ПРОЕКТОТ!

Соочени со предизвиците по животната средина, како, глобалното затоплување, загадување, интензивна урбанизација, дефорестација и загуба на биодиверзитетот, потребата да се подигне јавната свест кај обичниот граѓанин станува се поургентна. Во таков контекст, образованието за возрасни игра клучна улога во подготовка на луѓето за иднината, како и поттикнување на истите да превземат индивидуална одговорност за заштита на локалните заедници.
Во таа насока, ГЕА цели да ја зајакне „еколошката писменост“ на возрасните граѓани (18+), популаризирајќи ја граѓанската наука и еколошките акции, како и преку обуки за едукатори за возрасни за тоа, како да ги поддржат луѓето да присвојат поодржливи животни стилови, и да ги насочат кон поинформирано носење одлуки и прилагодлисовст.



## ПРВ ЧЕКОР: ГЕА ИНТЕРАКТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

На почетокот на проектот, спроведовме неколку истражувачки активности преку кои, се фокусиравме на испитување и идентификација на најургентните еколошки предизвици и акции со кои истите се адресираат.
За време на оваа фаза, собравме повеќе инспиративни примерни за локални и национални акции, како и интересни случаи на граѓанска наука која се применува во секоја од седумте држави (Италија, Белгија, Грција, Естонија, Германија, Македонија и Литванија). За оваа цел, дистрибуиравме онлајн прашалник до ограничен број на возрасни граѓани на седумте држави, едукатори на возрасни, спроведовме интервјуа со експерти по животна средина и сл., и организиравме серија фокус групи.
По собраните корисни мислења и погледи од учесниците во истражувањето, преминавме на следниот чекор од првата фаза на ГЕА проектот – интерактивниот извештај, кој е достапен на веб страната на проектот на англиски и на јазиците на партнерите, меѓу кои и македонски. Интерактивниот извештај треба да ве информира за мислењата и искуствата на нашите учесници во истражувањето, но и да ве инспирира за слична еко-акција.



## СЛЕДЕН ЧЕКОР

# програма за е-учење за едукатори на возрасни

Водејќи се од резултатите на нашето истражување, започнавме со работа на дизајнот на иновативна програма за е-учење за едукатори на возрасни, која ќе им овозможи да поддржат локални и национални еко акции на заедницата. Курсот за возрасни ќе вклучи различни материјали за учење, како например, текстуални лекции, вебинари, интерактивни инфографици, индивидуални и групни задачи, играње улоги и сл., на следните теми: неформална и информална едукација за животната средина, индивидуална одговорност, медиумска писменост во образованието за животна средина, вклучување во еко и климатски акции преку граѓанска наука, вмрежување и мулти-стекхолдерски пристап на еко учество, партиципативни еко и климатски акции.
Од февруари 2024, ќе регуртираме 15 едукатори за возрасни да се вклучат во тренинг и да ги водиме во дизајнирањето на нивни еко и климатски акции, кои потоа ќе се претставаат пред групи возрасни.
Дали би сакале да дознаете повеќе за можностите за учење?

Не двоумете се да нè контактирате!

stojne.ecologic@gmail.com mia.ecologic@gmail.com

## Partners

*Coordinator*
**CESIE**
cesie.org

**EUROGEO**
www.eurogeography.eu

**Symplexis**
symplexis.eu

**Cuiablue OÜ**
cuiablue.ee

**BUPNET**
bupnet.eu

**ECO-LOGIC**
www.ecologic.mk

**Xwhy (UAB Theoria)**
www.xwhy.lt

## Follow the project updates

**geaeducation.eu**

Ко-финансирано од Европска Унија

Проектот е финансиран од Европската Унија. Мислењата изразени во овој Билтен се на авторот/-ите, и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија или на Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија или EACEA можат да бидат сметани за одговорни за истите.

2022-1-IT02-KA220-ADU-000087270